# ЕДУКАЦИЈА ВО ИСТАНБУЛ РЕПУБЛИКА ТУРЦИЈА

Д-р Наташа Гаврилоска
специјализант по
општа психијатрија

ЈЗУ Здравствен дом Скопје

Докторите од Р. Македонија беа примени од страна на Деканот на Медицинскиот факултет Џера Паша, дел од нив останаа на тој факултет, а останатите, меѓу кои и јас, беа распределени на Медицинскиот факултет - Чапа







Обуката се одвиваше во Психијатриската клиника за адултна психијатрија Ана Билим Дали
на Медицинскиот факултет Чапа, во времетраење од четири недели, во период од 19 октомври до
13 ноември 2015 година





# Ментор Проф. Д-р Алп Учок, чија специјалност се психози (шизофренија) и терапија со антипсихотици



- Денот почнуваше со утринските состаноци на вработените на клиниката, чија должност е да дадат извештај за состојбата на пациентите на клиниката.
- Извештајот се состои од информации за психичката состојбата на пациентите, нивното однесување, медикаментозната терапија, ново примени пациенти.



- Секојдневно присуствував на дневните визити на пациентите кои беа хоспитализирани на клиниката, а истите беа водени од мојот ментор д-р Алп Учок и неговата асистентка д-р Езги.
- На визитите присуствуваа и студенти од медицинскиот факултет кои практично имаа прилика да се запознаат со пациентите и нивната патологија.



# Најчестата патологија на болните на одделот за адултна психијатрија се биполарни растројства, шизофрени растројства, border-line, опсесивно компулсивни растројства и депресивни растројства






Во однос на мојот престој на клиниката за адултна психијатрија Ана Билим Дали  можам да потенцирам дека покрај секојдневните контакти со пациентите и менторот, секој четврток присуствував и на организирани групни  психо терапии за надворешни пациенти водени од професорот Учок





На крајот на едукацијата ни беа доделени сертификати за успешноста на обуката и престојот на Клиниката за психијатриски болни Ана Билим Дали



Она што е специфично за клиниката е постоењето на повеќе амбуланти, секоја со специфична намена, меѓу кои ќе ги истакнам следните:

- општи амбуланти
- амбуланта за неурози
- амбуланта за психози
- амбуланта за зависности
- амбуланта за растројства на нагонот за исхрана
- амбуланта за сексуални дисфункции
- геријатриска амбуланта
- амбуланта за епилепсии
- амбуланта за лично и семејно советување





- Посебна специфика на Клиниката за адултна психојатрија Ана Билим Дали е применета на електро-конвулзивна терапија (анти-шок терапија).

- Споменатата електро-конвулзивна терапија се применува кај пациенти со тешки депресии кои се рефрактерни на терапија, кај кататонија и кај манија, кај пациенти кои имаат потенцирана психотичност и дезорганизација на личноста.

- Истата терапија се аплицира три пати неделно (понеделник, среда и петок), во времетраење од седум недели




NO BASE
65%
PERCENT ENERGY
START / STOP
THYMATRON® SYSTEM IV
SOMATICS, LLC
POWER

- Постапката на електро-конвулзивна терапија започнува со следење на виталните параметри на пациентот. Потоа следува поставување на две електроди оксипитално и правење на ЕЕГ (електро енцефалографија).

- Потоа на пациентот му се внесува кратка венска општа анестезија од страна на анестезиолог. Кога пациентот ќе биде под дејство на анестезија психијатарот апплицира струја која треба да предизвика конвулзии кај пациентот на раце, нозе и тело и сето тоа би траело околу 25 секунди.

- Кај пациентот се прави ЕЕГ за време на конвулзиите и по смирување на истите, при што се следи елетричната активност на мозокот. Доколку не се добијат саканите конвулзии, следниот третман на пациентот е со зголемен процент на енергија.



TIBBİ HASTALIKLAR
EPİLEPSİ:
ALIŞKANLIKLAR: SİGARA
EEG1 200μV/cm
1000μV/cm
80b/m
2s
3s
4s




# З А К Л У Ч О К

- Искуствата добиени во Клиниката за адултна психијатрија во Истанбул ја покажаа потребата од континуирана едукација кај докторите, бидејќи сознанијата добиени од таму се непроценливи
- Во контекст на поинаквиот пристап во третманот  на психијатриските болни би сакала да ги потенцирам следниве работи што би можеле да се применат во нашата здравствена пракса:

- примена на електро-конвулзивен третман врз основа на индикација кај психијатриски болни, бидејќи искуствата во Турција покажуват дека со примена на истата има 75% подобрување кај пациентите
- отворање на специјализирани амбулатни, при што секоја од нив би имала своја супспецијалност во третман на психијатриски пациенти
- воведување на психо-тераписки третман на Клиниката за психјатрија, кои би биле водени од страна на обучени психијатри за психо-терапија


